# ИЛУСТРИРАНА БИБЛИСКА ЕТИКА | ILLUSTRATED BIBLICAL ETHICS

МКЦ
Скопје, 2015

| | | |
|---|---|---|
| **ИЛУСТРАЦИИ:** | | **ILLUSTRATIONS:** |
| ИВАН ИВАНОВСКИ | 1 - 16 | IVAN IVANOVSKI |
| ГОРАН ДАЧЕВ | 17 - 32 | GORAN DACHEV |
| НИКОЛА РАДУЛОВИЌ | 33 - 48 | NIKOLA RADULOVIC |
| ВЛАДИМИР ЛУКАШ | 49 - 63 | VLADIMIR LUKASH |
| АТАНАС БОТЕВ | 64 -73 | ATANAS BOTEV |
| ЃОРЃЕ ЈОВАНОВИЌ | 74 - 88 | GJORGJE JOVANOVIKJ |
| АНДРЕЈ АНАСТАСОВ - ДАСКАЛОВСКИ | 89 - 90 | ANDREJ ANASTASOV - DASKALOVSKI |
| МИЛЕ НИЧЕВСКИ | 91 - 100 | MILE NICHEVSKI |
| **РЕЦЕНЗИИ:** | | **REVIEWS:** |
| СВЕТЛАНА КАМЏИЈАШ | | SVETLANA KAMDZIJASH |
| ИВАНА ВАСЕВА | | IVANA VASEVA |
| **ИЗРЕКИ НА АНГЛИСКИ** | | **BIBLICAL VERSES** |
| **БИОГРАФИЈА** | | **BIOGRAPHY** |

Илустрирана библиска етика е книга со 100 цртежи на изреки од библијата. Нејзината цел е да ги погледне, преиспита, протолкува и рефлектира вековните вредности преку современа ликовна интерпретација на 8 автори.
Инспирирани од „Библиска Етика“[1] тие изведуваат своевидна уметничка интервенција врз оваа книга.

The Illustrated Biblical Ethics is a book of illustrations of 100 ethical verses from the Bible.
Its aim is to observe, re-examine, interpret and reflect the ancient biblical values through contemporary artistic interpretation by 8 authors.
Inspired by Biblical Ethics[1] they perform an artistic intervention of this book.

[1] „Библиска Етика“ – издавач Библиски центар „Божилак“, ХБЦ „Радосна Вест“ и „Откровение“



Почитувај ги таткото свој и мајката своја за да ти биде добро...

*2Мојсеј 20:12*



Не убивај!
И секој што истура гнев против својот ближен, заслужува осуда!

*2Мојсеј 20:13; Ев. Матеј 5:22*



Не врши прељуба!
На блудниците и прељубниците ќе им суди Бог!

*2Мојсеј 20:14; Посл. Евр. 13:4*



Не кради!
Не крадете, не лажете и не клеветете!

*2Мојсеј 20:15; 3Мојсеј 19:11*



Не сведочи лажно...
Никого не обвинувај без причина.

*2Мојсеј 20:16; Поговорки 3:30*



Не навредувај ни вдовици ни сираци!

*2Мојсеј 22:22*



Кога на заем ќе дадеш пари,
не наметнувај камата!

*2Мојсеј 22:25*



Не поведувај се по мнозинството на зло
и не придружувај се кон мнозинството против правдата.

*2Мојсеј 23:2*



Немој да ја извртуваш правдата на сиромавиот.

*2Мојсеј 23:6*



Не земај мито, зашто митото ги заслепува очите и ги извртува делата на праведните.

*2Мојсеј 23:8*



Не мами го ближниот свој!

*3Мојсеј 19:13*



Платата на наемниот работник исплати му ја
уште истиот ден.

*2Мојсеј 19:13*



Од птичје гнездо не ја земај мајката со малечките...
Не врзувај уста на вол додека врши.

*5Мојсеј 22:6 ; 25:4*





Не опустошувај ја околината.

*5Мојсеј 20:19*

Не навредувај глув човек и пред слеп не ставај ништо,
од кое може да се сопне.

*3Мојсеј 19:14*



Радувајте се со оние што се радуваат,
тагувајте со оние што тагуваат.

*Посл. Рим 12:15*



АКО НЕКОЈ ЛЕГНЕ СО МАЖ
КАКО СО ЖЕНА, И ОБАЈЦАТА
ИЗВРШИЛЕ ГНАСНО ДЕЛО.
3 МОЈСЕЈ 20:13

ГОРАН ДАЧЕВ 17-32 GORAN DACHEV



НЕ СТИСКАЈ РАКА ПРЕД СВОЈОТ
БРАТ ШТО ИМА ПОТРЕБА;
ОТВОРИ РАКА И ДАЈ МУ ЗАЕМ.
5 МОЈСЕЈ 15:7-8



ЗАШТИТУВАЈТЕ ГИ СИРОТИТЕ
И БЕСПОМОШНИТЕ, БРАНЕТЕ
ГИ ПРАВАТА НА БЕДНИТЕ И
НА УГНЕТЕНИТЕ.
ПСАЛМ 82 (81):3



СЕКОГАШ КОГА СИ ВО МОЌНОСТ,
ПОКАЖИ ДОБРОДЕТЕЛ КОН ОНИЕ
КОИ СЕ ВО НУЖДА.

ПОГОВОРКИ 3:27



НЕ КОВАЈ МУ ЗЛО НА
СОСЕДОТ ТВОЈ.

ПОГОВОРКИ 3:29



НЕ ОДИ ПО ПАТОТ НА БЕЗБОЖНИЦИТЕ
НЕ СЛЕДИ ГО ПАТОТ НА ПРЕСТАПНИЦИТЕ.

ПОГОВОРКИ 4:14




НЕПРИСТОЈНИ ЗБОРОВИ ТВОЈАТА УСТА
ДА НЕ ИЗГОВАРА И НИКАКВИ ЛАГИ
ДА НЕ КАЖУВА.

ПОГОВОРКИ 4:24



НЕ ТИ ТРЕБА, СИНЕ, ПО ПРЕЉУБНИЦИ
ДА ОДИШ, НИ ВО ПРЕГРАТКИ НА
ТУЃА ЖЕНА ДА СЕ НАЈДЕШ.



ТОЈ ШТО Е ЉУБЕЗЕН, СЕБЕСИ
ДОБРО СИ ПРАВИ; ТОЈ ШТО
Е СУРОВ, СЕБЕ СИ ЗЛО
СИ ПРАВИ.



ЕДЕН ШТЕДРО ДАВА И СÈ
ПОВЕЌЕ ИМА; ДРУГ Е
ПРЕКУМЕРНО СКРЖАВ
И ПАК Е СИРОМАВ.
Поговорки 11:24

ДАРЕЖЛИВИОТ ЧОВЕК ЌЕ
НАПРЕДУВА; ТОЈ ШТО ДРУГИ
НАПОЈУВА, И САМИОТ ЌЕ
БИДЕ НАПОЕН!
Поговорки 11:25



КОЈ ЈА ЦЕНИ КРИТИКАТА,
САКА ДА СЕ УСОВРШУВА;
А ТОЈ ШТО НЕ СЕ ПОПРАВА,
ГЛУПАВ СИ ОСТАНУВА!

ПОГОВОРКИ 12:1



ПРАВЕДНИОТ ЧОВЕК И
СПРЕМА ЖИВОТНИТЕ Е
ЉУБЕЗЕН.

ПОГОВОРКИ 12:10





ИСКРЕНА УСТА ИМА ДОЛГ ВЕК;
ЛАЖЛИВИОТ ЈАЗИК ИМА КУС ВЕК.

ПОГОВОРКИ 12:19

КОЈ СИ ЈА ПАЗИ УСТАТА
СИ ЈА ПАЗИ ДУШАТА;
А КОЈ МНОГУ ЗБОРУВА,
СЕБЕСИ СЕ УНИШТУВА!

ПОГОВОРКИ 13:3



ДА СЕ ОДНЕСУВАМЕ ПРИМЕРНО...
НЕ УЧЕСТВУВАЈТЕ ВО ОРГИИ И
ПИЈАНКИ, ВО БЛУД И
РАЗВРАТ, ВО КАВГИ И ЗАВИСТ.

- ПОСЛ. РИМ 13:13



Не прави неправда, а кога си на суд, не биди пристрасен
спрема сиромавиот и не угодувај му на големецот.

*3 Мојсеј 19:15*



Не завидувај му на својот брат, ни во мислите!

*3 Мојсеј 19:17*



Не одете по оние што повикуваат духови на мртви и до маѓесници не доближувајте се и не дозволувајте да ве осквернат.

*3 Мојсеј 19:31*



Пред седо лице станувај, почитувај го лицето на старец.

*3 Мојсеј 19:32*



Не правете неправда кога судите, мерите и кога измерувате.

*3 Мојсеј 19:35*



Набрзина спечаленото бргу се потрошува, а грст по грст собираното, богато се намножува!

*Поговорки 13:11*



Неверната душа ќе си ги пожнее последиците; чесната душа ќе биде наградена за своите дела.

*Поговорки 14:14*



Кој бедните ги угнетува, Творецот го навредува!

*Поговорки 14:31*



Поткупливиот човек си го упропастува сопственото семејство, а непоткупливиот ќе си живее спокојно.

*Поговорки 15:27*



Подобро малку, но праведно спечалено, отколку големо богатство стекнато неправедно.

*Поговорки 16:8*



Кога се работи за почести, давајте им предност на другите!

*Посл. Рим 12:10*





Немојте да се одмаздувате. Препуштете му ја одмаздата
на Божјиот Гнев.

*Посл. Рим 12:19*

Зборувајте љубезно, умесно и концизно; давајте му
утешен одговор на секој што ќе ви постави прашање.

*Посл. Колос 4:6*





Не гневете се во толкава мера та да грешите! Гневот нека ви помине уште истиот ден!

*Посл. Ефес 4:26*

Човек што не владее со своите постапки е како град со разурнати ѕидини!

*Поговорки 25:28*



Не колнете, туку благословувајте.

*Посл. Рим 12:14*

ВЛАДИМИР ЛУКАШ 49 - 63 VLADIMIR LUKASH






Кој враќа зло за добро,
злото од неговата куќа
нема да излезе.
(Поговорки 17:13)



На Господ му е подеднакво одвратен и тој што виновникот
го оправдува и тој што невиниот го осудува.
(Поговорки 17:15)






Виното понижува, ракијата скарува;
безумник е тој што ним им се оддава!
(поговорки 20:1)



ЧЕСТ Е ЗА ЧОВЕКОТ ОД ПРЕПИРКИ ДА СЕ ВОЗДРЖУВА

(Поговорки 20:3)



ТОЈ ШТО ОЗБОРУВА, ДОВЕРБАТА
ЈА ИЗНЕВЕРУВА; ЗАТОА, НА
ЗБОРЛИВА УСТА НЕ Ѝ СЕ ДОВЕРУВАЈ.

(Поговорки 20:19)




ПЕЧАЛБАТА ОСТВАРЕНА ПРЕКУ ИЗМАМА
ИСЧЕЗНУВА КАКО ПАРЕА
И СЕ ПРЕТВОРА ВО ПОГУБНА
СТАПИЦА!
(поговорки 21:6)








УГЛЕДОТ Е ПОВРЕДЕН ОД БОГАТСТВОТО,
ДОСТОИНСТВОТО Е ПОСКАПОЦЕНО И ОД
СРЕБРОТО И ОД ЗЛАТОТО. (Поговорки 22:1)


НЕ ИСКОРИСТУВАЈ ГИ БЕДНИТЕ
ЗАТОА ШТО СЕ БЕДНИ, И НЕ
УГНЕТУВАЈ ГИ СЛАБИТЕ НА СУД
(Поговорки 22:22)


НЕ ДОПУШТАЈ СРЦЕТО ДА ТИ СТАНЕ ЗАВИДЛИВО.
НЕ ЗАВИДУВАЈ ИМ НА НЕЧЕСНИТЕ
И НЕ ПОСАКУВАЈ ДА СИ КАКО НИВ.
(Поговорки 23:17; 24:1)



НЕ ЛИКУВАЈ КОГА ТВОЈОТ НЕПРИЈАТЕЛ ПРОПАЃА, НЕ ВЕСЕЛИ СЕ
ВО СЕБЕ КОГА ТОЈ СЕ ПРЕПНУВА, ЗАШТО ГОСПОД ЌЕ ВИДИ
И ЌЕ НЕГОДУВА И СВОЈОТ ГНЕВ ОД НЕГО ЌЕ ГО ТРГНЕ.
(Поговорки 24:18)




АКО НЕКОГО ЛАЖНО
СИ ГО ОБВИНИЛ -
КАКО СО СЕКИРА,
СО МЕЧ ИЛИ
СО СТРЕЛА
ДА СИ ГО ПОГОДИЛ!


Кој на друг
јама му копа,
самиот во неа пага.
Кој по друг
камен фрла,
ќе му се врати врз
сопствената глава!


Човек што го
остава своето
семејство е
како птица што
го напушта
своето гнездо


Тој што на својот
пријател
му ласка,
стапица пред нозе
му става


Не клевети
работник
пред неговите
претпоставени!


Заземи се
за правата
на слабите
и бедните


Научете се
да правите добро,
Барајте правда,
Спасувајте угнетен,
Заштитувајте сирак,
Застапувајте се
за вдовица


Не осудувајте други
па и вие нема
да бидете осудени,
Зашто, како што
ќе судите вие,
така и вам
ќе ви биде судено


Бидете милосрдни,
не осудувајте
и нема да бидете
осудувани.
Простувајте
и ќе ви биде
простено


Постапувајте
со луѓето онака
како што сакате
тие да постапуваат
со вас

ЃОРЃЕ ЈОВАНОВИЌ 74 - 88 GJORGJE JOVANOVIKJ






Зборувајте поучни работи, зборови од кои слушателите ќе имаат некаква полза.

посл Ефес 4:29





Ослободете се од сета горчина, гнев и лутина.

Немојте да викате еден на друг и да се навредувате.

посл Ефес 4:31


БИДЕТЕ ЉУБЕЗНИ ЕДЕН СПРЕМА ДРУГ
И ПОЛНИ СО МИЛОСРДИЕ,
ПРОСТУВАЈЌИ СИ.
Посл. Ефес. 4:32


МЕЃУ ВАС НЕ СМЕЕ ДА ИМА БЛУД,
ГНАСОТИИ И АЛЧНОСТ.
НЕ СМЕЕ ДА ИМА БЕЗОБРАЗНИ,
ГЛУПАВИ РАЗГОВОРИ И ДВОСМИСЛЕНИ
ШЕГИ.
СЕТО ТОА НЕ ВИ ПРИЛЕГА.
Посл. Ефес.
5:3-4


НЕ ОПИВАЈТЕ СЕ...
ТОА МОЖЕ САМО ДА ВЕ
УНИШТИ!
ПОСЛ. ЕФЕС. 5:18


НЕ ГЛЕДАЈТЕ СИ ГИ САМО
СОПСТВЕНИТЕ ИНТЕРЕСИ,
ТУКУ ГРИЖЕТЕ СЕ И ЗА ПОТРЕБИТЕ
НА ДРУГИТЕ.
ПОСЛ ФИЛИПИ 2 4

СОЧУВСТВУВАЈТЕ
СО ЛУЃЕТО, БИДЕТЕ ЉУБЕЗНИ
СО НИВ, БИДЕТЕ
СКРОМНИ, КРОТКИ
И ТРПЕЛИВИ.



ТОЛЕРИРАЈТЕ СЕ,
ПРОСТУВАЈТЕ СИ...





посл. Колос
3:12

ОПОМЕНУВАЈТЕ ГИ
МРЗЕЛИВИТЕ,
ОХРАБРУВАЈТЕ ГИ МАЛОДУШНИТЕ,
ПОМАГАЈТЕ ИМ НА СЛАБИТЕ
И ИМАЈТЕ ТРПЕНИЕ СО СИТЕ.



посл. Солун 5:14

НЕ ПОКАЖУВАЈ ГРУБОСТ

кон постари луѓе, туку обраќај им се како што би му се обрајил на сопствениот Т-А-Т-К-О.





1 Тимотеј 5:1

Не п-р-о-п-у-ш-т-а-ј-т-е да бидете гостољубиви...

Сеќавајте се на затворените...

Не заборавајте ги страдалниците.



посл. Евр. 13:2-3

Бракот треба да се почитува од сите.

Мажот и жената да ја чуваат својата интимност без неверства,

зашто на блудниците и неверниците ќе им суди Бог.



Посл. Евр. 13:4



Повеќе слушајте, а помалку
зборувајте и воздржете
се од гневење.
Гневот не води кон
правичната.



Посл. Јаков 1:19-20






Ослободете се од сé
што е злобно, немојте
да лажете и да
лицемерите, немојте
да завидувате
и да клеветите.

Прв Петар 2:1





Секој треба да умее да го контролира своето тело, за да биде свето и за почит

1 ПОСЛ. Солун 4:4



ПОСТАПУВАЈТЕ ПРАВЕДНО, СПАСУВАЈТЕ ГИ УГНЕТЕНИТЕ
НЕ ЗЛОСТАВУВАЈТЕ ПРИДОШЛИЦА, СИРАК ИЛИ ВДОВИЦА

Јеремија 22:3



Должност ти е да го укоруваш твојот ближен;
така нема да паднеш во грев поради него.
*Книга Левит 19:17*



Не бидете вообразени,
туку дружете се со обичните луѓе.
Немојте да мислите дека сѐ знаете.
*Посл.Рим 12:16*




Немојте да правите ништо од себичност,
од ривалство и со цел да се истакнете.
*Посл. Филипи 2:3*









Почитувајте ја државната власт.
Секоја власт произлегува од Бога, па и државната власт
е воспоставена од Бога.
*Посл. Рим 13:1*

Плаќајте ги даноците и царините,
имајте почит спрема властите и укажувајте
им чест кога заслужуваат.
*Посл. Рим 13:7*




Лошото друштво го расипува добриот карактер!
*1 Коринт. 15:33*



Да бидеме неуморни во правење добро
зашто, ако истраеме, ќе дојде време кога ќе
го ожнееме посеаното.
*Посл. Галати 6:9*




Не заборавајте да им помагате на другите
и да ги делите своите добра со нив,
зашто и тоа се богоугодни жртви.
*Посл. Евр.13:16*




Кога давате милостини, не трубете насекаде,
како што тоа го прават лицемерите...
нека бидат дискретни твоите милостини.
*Ев. Матеј 6:2, 4*




Не дозволувајте ниеден дел од вашето тело
да стане орудие на неправедноста
и да биде во служба на гревот.
*Посл. Рим 6:13*

## ПРАВЕЊЕ СЛИКИ (НА ОНА КОЕ Е НА НЕБОТО...)

### За просјакот

Истоштен од самотијата на својата соба и борбата со книгите, во кои налик на гердан светкаат рецепти за тоа како да се стане среќен и богат во најскоро време, човекот излегува од својот дом, пливнува во бескрајните можности на *сплинот* на градот, а некаде во тилот, му шепоти внатрешниот глас: „Рамен на другиот може да му биде само оној кој тоа и ќе го докаже , а пак достоен на слободата само оној, што и самиот да ја стекне знае". Наидува на просјак, чиј поглед го пронижува, па без да трепне почнува да го тепа со силина од која се кршат коски. Тогаш, о, чудо на насладата! - кога мудрецот со успех ја проверува исправноста на својата теорија, просјакот возвраќа со иста мера – решителниот начин на лечење му ги враќа достоинството и животната сила. „Господине, вие сте ми рамен, Ве молам, искажете ми чест да ја земете половината од моите пари и во иднина, секогаш кога ќе ви побараат милостина, применувајте ја теоријата која со *болка* ја искушував на вашиот грб!".- „Се колнеше дека ме разбра и дека ќе ги послуша моите совети," завршува Бодлер[1], авторот кој со берење цветови на злото ја започна модерната, а во теоријата на убавината го воведе поимот – „естетика на грдото".

### За естетската оправданост

Книгата што е пред вас ме потсети на приказната за просјакот. Таа ги поставува прашањата: како да се врати вкусот на, со милениуми изговараните реченици, врзани во свеста со канонската (во католицизмот и слаткаста)

[1]Парафраза од „Сплинот на Париз".

## CREATING IMAGES (OF WHAT IS ON THE SKY...)

### On the beggar

Exhausted by the loneliness of his own room and his fight with the books containing glittering recipes on how to attain happiness and riches in the shortest possible time, the man leaves his home, plunges into the limitless opportunities of the city spleen, while his inner voice whispers somewhere in the back of his head: "Only he who can prove it can be equal to the other, while only he who knows how to attain it can be worthy to the freedom." He encounters a beggar whose eyes pierce through him, and he starts beating him up in a wink, with a bone crashing strength. Then, oh, wonder of bliss! - just as the philosopher has successfully tested the truthfulness of his theory, the beggar retaliates quid pro quo - the decisive healing tactics restores his dignity and life force. "Sir, you are my equal. I beg you, please honour me by taking half of my money, and whenever someone in the future begs you for alms, apply the theory which I have tested on your back with *pain*!"- "He swore that he understood me and that he shall take my advice," concludes Baudelaire[1], the author who started the modernism by plucking the flowers of evil, and has introduced the term "aesthetics of ugliness" in the theory of beauty.

### On the aesthetic vindication

The book before you has reminded me about the beggar's story. It brings forth the questions: How to restore the tastefulness of these sentences uttered for several millennia, and fused in the consciousness with the canonical (even sweet in the Catholicism) aesthetics

[1]Paraphrase from Paris Spleen.

естетика на христијанската иконографија, а тоа да не биде самоубиствен потег на уметничката вредност која станала предвидлива, приспивна или банализирачка? Или: што би значеле тие изреки за конформистичката отрпнатост во отсуство на основните човечки вредности? Каков може да биде односот кон древните христијански изреки после инквизицијата, дарвиновата теорија, изреката „Бог е мртов, да живее човекот", ларпурлартизмот и пародиите а-ла Монти Пајтон? И, конечно, дали етичката оправданост може да биде изговор за лоша естетска вредност и обратно, дали во име на естетското би можело да се занемари човечкото... зашто Платоновата калокагатиа (неодвоивост на убавината од добрината) е одамна парчосана категорија. Кое е, воопшто, местото на моралот во постомдерната?
„Постмодерниот приод кон моралот пречесто се поврзува со славење на „исчезнување на етичкото", со замена на етиката со естетика, и со „врвното еманципирање" кое следува. Самата етика се оцрнува или се омаловажува како една од типичните модерни стеги, сега скршена и фрлена на ѓубриштето на историјата; како окови што некогаш биле нужни, а сега се излишни: уште една илузија без која постмодерните мажи и постмодерните жени можат сосема добро да живеат„ – прецизно забележува З. Бауман, во својата „Постмодерна етика".

### За своерачниот потпис

Библиските изреки овде се само појдовна точка за асоцијација, за сопствено доживување или отклон во сопствена парабола. Секој од овие уметници, со лично изграден ликовен јазик влегува во сопствено двојно кодирање каде самата изрека и првиот слој на нејзиното читање се во контрапункт со останатите слоеви.

of the Christian iconography, while at the same time avoiding the suicide attempt of the artistic value that became predictable, languid or banal? Or: What would these sayings mean to the conformist numbness in the absence of basic human values? What attitude can we take regarding the ancient Christian sayings in the wake of the Inquisition, the Darwin's Theory, the saying "God is dead, long live the human", the *l'art pour l'art*, and the parodies á la Monty Python? And finally, can the ethical vindication be used as an excuse for tasteless aesthetic value and vice versa, can the humane be neglected for the sake of the aesthetics... because the Platonic kalokagathia (the inseparable unity of beauty and goodness) is a category shattered long ago. What position does morality hold in the postmodernism?
"The postmodern approach to the ethics is way too often connected with the praise of the 'demise of the ethical', by replacing the ethics with aesthetics, and by the 'ultimate emancipation' which follows. The ethics itself is tarnished or belittled as one of the typical modern constraints that is now broken and thrown at the cesspool of history; as shackles which were once necessary but are now redundant: just another illusion the postmodern men and women can well do without" - as Z. Bauman has precisely noted in his Postmodern Ethics.

### On the personal signature

The biblical sayings here are just a starting point for making associations, for one's personal experience or detour in one's own parable. Each of these artists, uses a personally developed artistic language to enter the personal double coding where the saying itself and the first layer of its interpretation are a counterpoint of the remaining layers. The category exalted or exalting cannot find its place among these drawings.

Категоријата возвишено или возвишувачко не може да го најде местото меѓу овие цртежи. Со нужната дистанца, тие се пред сè проблематизирање, преиспитување, а често и пародизирање на етичките насоки со што на нивниот одглас во постмодерната епоха му се дава сосем друг тон на екстремно личното, мета-ниво на содржината, кај некои од нив профанизирано, а понекогаш Горан Дачев вулгаризирано доживување, настанато од игрите со зборови. Цртежите на Никола Радуловиќ, Ѓорѓе Јовановиќ, Иван Ивановски, Владимир Лукаш, Атанас Ботев, Миле Ничевски, Андреј Анастасов - Даскаловски и Горан Дачев се едно непредвидливо и пост-модерно „прередување“ и пренасочување на класичните вредности и обезвреднетости, во кое секој од овие автори има сопствен, јасно артикулиран и веднаш препознатлив потпис.

### За светото и профаното

Од претходното, произлегува прашањето: што е денес свето?
Денешната уметност е на полето во кое духовните замоци од минатите епохи се раскршени, расчленети, декомпонирани, преправени и амалгамирани. Во таа сеопшта „веќе виденост“, ретко се избегнува смерницата на „иновативност по било која цена“. Па така, во име на новото и чудното, дури шокантното, се занемарува основната уметничка вредност – можноста да се искаже неискажливото, да се долови неуловливото.
За мене, светоста е онтолошки атрибут - постоењето е свето. За некој друг - поетиката на приказните, а меѓу приказните има такви коишто го покриваат и разоткриваат постоењето. Овие момчиња се мајстори за приказни.

**проф. д-р Светлана Камџијаш**

With their necessary distancing, they are mainly problematization, re-evaluations, and often a parody of the ethical directions, thus infusing their echo in the postmodern epoch with a completely different tone of an extremely personal, meta-level of the contents, which in some of them is profane, and in some a vulgarized experience arising from the puns. The drawings of Nikola Radulovic, Gjorgje Jovanovikj, Ivan Ivanovski, Vladimir Lukash, Atanas Botev, Mile Nichevski, Andrej Anastasov - Daskalovski and Goran Dachev are an unpredictable and postmodern 'rearrangement' and redirection of the classical values and devaluations, where each of these authors have a personal, clearly articulated and recognizable signature.

### On the sacred and the profane

The previously stated brings forth the question: What is sacred today?
The art of today lies in a realm where the spiritual castles of the past epochs are shattered, segmented, decomposed, rearranged and amalgamated. In this general state of *déjà vu*, the guideline of 'innovativeness at all costs' is rarely avoided. Consequently, for the sake of the new and the weird, even shocking, there is a neglect of basic artistic value - the possibility to express what cannot be expressed, to capture what cannot be captured.
I find the sacredness to be an ontological attribute - the existence is sacred. Others might find it to be the poetics of the stories, and among the stories there are some that cover and uncover the existence. These guys are masters of stories.

**Professor Svetlana Kamdzijash, PhD**

## УМЕТНИЧКОТО ДЕЛО КАКО МОРАЛЕН АГЕНТ ИЛИ ЦРТЕЖОТ КАКО МОРАЛЕН АГЕНТ НА ПОРАКАТА

Етичките наравоученија и начините на „соодветно“ однесување се дел од многу светогледи, религиозни, општествени, па и политички, а нивното визуелно претставување речиси секогаш играло своевидна улога во пошироката дисеминација и изразување (доаѓање до израз), со помал или поголем уметнички дострел. Ваквиот начин на уметничка поддршка со различна манифестација на ова тло највидливо се одразува, од една страна, во христијанската традиција, која се гледа во византиското и поствизантиското фрескосликарство во многуте цркви и манастири, а од друга, во денешниот општествен контекст каде што во самото урбано ткиво е очигледна узурпацијата на ликовното со цел да се постигнат одредени идеолошко-политички цели, притоа занемарувајќи ја уметноста и уметничкото изразување.
Настрана од ваквата практика, современата уметност пак, посебно во денешните прекаријатни услови наоѓа модуси каде што не нуди само деконструкција на овие етички слики и илустрации, туку оди подалеку од тоа и успева, во рамките на социјално ангажираната и партиципативна практика, од процесот на заедничките искуства и односите меѓу луѓето, да создаде естетика и уметничко дело во кое „уметниците како да изразуваат повеќе интерес во продуцирањето на етичка врска/релација со низа учесници, отколку да го негуваат вежбањето критички суд“.[1]
И тука некаде, меѓу тенчењето на

1 Kris Cohen , "No Faith in Form",*Reviews in Cultural Theory Journal*, 2012, vol.3 no.2pp. 40-46.

## THE ARTWORK AS A MORAL AGENT OR THE DRAWING AS A MORAL AGENT OF THE MESSAGE

The morals and "appropriate" manners are part of many worldviews - religious, social, and even political, and their visual presentation has almost always played a particular role in their wider dissemination and expression (coming to the fore), with greater or lesser artistic achievement. This kind of artistic support, manifested in various manners, has been most prominently expressed on this soil in the Christian tradition, on the one hand, which is seen in the Byzantine and Post-Byzantine fresco painting in many churches and monasteries, and on the other hand, in the present social context, where the usurpation of the visual in order to achieve certain ideological or political goals while ignoring art and artistic expression is evident in the urban tissue itself.
Nevertheless, aside from this practice, contemporary art, especially in the precarious conditions of today, finds modes to offer not only a deconstruction of these ethical images and illustrations, but it goes further than that and manages, within the socially engaged and participatory practice, to create aesthetics and an artwork from the process of mutual experiences and relationships among people, where "artists seem to care more about producing an ethical relation / connection with a set of participants than to foster the exercise of critical judgment."[1]
And somewhere between the weakening of the critical judgment and the strengthening of the relations among people (sometimes simultaneously in progress) lies the interest of this piece

1 Kris Cohen , "No Faith in Form, "*Reviews in Cultural Theory Journal*, 2012, vol.3 no.2pp. 40-46.

критичкиот суд и зајакнувањето на релациите меѓу луѓето (понекогаш одвивајќи се истовремено) се лоцира и интересот на овој текст, чиј предмет е илустрирање на моралните изреки од џебното книже „Библиска етика" од страна на македонските уметници Иван Ивановски, Горан Дачев, Владимир Лукаш, Андреј Анастасов - Даскаловски, Миле Ничевски, Никола Радуловиќ, Атанас Ботев и Ѓорѓе Јовановиќ.
Станува збор за книга со цртежи од современ карактер насловена „Илустрирана библиска етика", којашто се базира на стоте морални поуки уредени во малото џебно издание со намера не да ја критикуваат, исмеваат или величаат содржината на оваа книга, туку да ја постават на увид и преиспитување важноста на овие, не само религиски туку и човечки теми, често давајќи и свои лични коментари сместени во сегашноста и предадени во низа детали.
Овој уметнички подвиг и чин не зборува за овие директни активни уметнички реакции туку за оние на ниво на перцепција, коишто влијаат на поединецот и индивидуалецот преку нивно исчитување и го зајакнуваат критичкиот суд. Тука има тројца играчи – уметникот (цртежот), темата и исчитувачот (гледачот) користејќи ја техниката на пренесување на одредена содржина (во случајов морална) преку цртеж со одредена доза на хумор, за да се преиспитаат некои човечки релации.
Оваа група творци за прв пат соработува во еден ваков поголем проект, иако речиси секој од нив, во помали групи, веќе неколку пати работеле на заедничко дело или пак изложба. Тоа што е специфично за сите е дека делат сличен пристап кон визуелното, или поконкретно, кон цртежот којшто се манифестира во различни материјали: молив, графит, пенкало, туш па и остатоци од кафе, сок... Оваа своевидна страст за контурното и плошното е решена различно од секој автор во зависност од неговиот сензибилитет, на тој начин давајќи знак за авторството: понекогаш цртежите се врамени во елипси, понекогаш се обединети со слични детали, а понекогаш со хорор вакуи атмосфера, понекогаш имаат филмска перспектива, а понекогаш доминираат со суптилна доза на наивност....
Тоа што е карактеристично за овој проект е дека не поставува претходно зададени вредности и нема умислена цел. Таа е најпрво создадена за да ги покаже креативните цртачки вештини на оваа група автори. Таа е своевиден обид и експеримент да се направи еден вид современо списание за цртеж, каде што преку една вековна тема – човечкото однесување – ќе се покажат современите размисли за цртеж и за неговиот развој и растеж во современиот свет.

**Ивана Васева**, куратор и историчар на уметност

of writing, the subject of which is to illustrate the morals of the pocket book Biblical Ethics, which has been done by the Macedonian artists Ivan Ivanovski, Goran Dachev, Vladimir Lukash, Andrej Anastasov, Mile Nichevski, Nikola Radulovikj, Atanas Botev and Gjorgje Jovanovikj.
It is a book of contemporary drawings entitled Illustrated Biblical Ethics, based on the one hundred morals arranged in the small pocket edition, the intention of which is not to criticize, ridicule or praise the content of the book, but to offer for inspection and review the importance of these, not only religious, but also human themes, often providing their own personal comments as well, set in the present and expressed through a set of details.
This artistic feat and act does not speak of those direct and active artistic reactions, but of those on the level of perception, which influence the individual through their reading and strengthen the critical judgment. There are three players here - the artist (drawing), the theme, and the reader (viewer), using the technique of conveying a certain subject (in this case moral) through a drawing, with a certain dose of humour in order to review some human relations.
This is the first time for this group of artists to collaborate in a more large-scale project of this kind even though almost all of them, in smaller groups, have worked on a mutual work or exhibition on several occasions. What is typical of all of them is that they share a similar approach to the visual or, more specifically, to the drawing, manifested in a variety of materials: pencil, graphite, pen, ink, and even remains of coffee, juice, etc. This particular passion for the contoured and the flat has been differently resolved by each artist, depending on his own sensibility, thus providing a mark of the authorship: the drawings are sometimes framed in ellipses, sometimes combined with similar details, and sometimes with a horror vacui atmosphere, sometimes they have a film perspective, and sometimes they dominate with a subtle dose of naivety.
What is characteristic of this project is that it does not set preassigned values and it does not have a premeditated goal. It has been primarily created to show the creative drawing skills of this group of artists. It is a singular attempt and experiment to make a kind of a contemporary drawing magazine, which will present, through an ancient theme - human behaviour - the contemporary considerations of the drawing and its development and growth in the contemporary world.

**Ivana Vaseva**, curator and art historian

**Владимир Лукаш** е крстен во далечната социјалистичка федеративна 1978 година во Скопје, тогашна СР Македонија. Повремено е пантеист, повремено атеист – што го објаснува неговото дуалистичко незадоволство од сè и сешто. Живее и работи во Скопје, сегашна Р. Македонија.

**Андреј Анастасов – Даскаловски**, е роден во 1973 година, дипломирал графика на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, кај професор Димитар Малиданов. Членува во бројни бендови од македонската андерграунд музичка сцена како: Bloody George, Alojz Rop, Suns, Т.Б. Трачери, К.У.Р., Undone, Mooger Fooger…

**Иван Ивановски**, е роден во 1983 година, дипломирал вајарство на Ф.Л.У. во Скопје во 2008 година, а во 2013 година го завршува Академскиот програм за режија на Ф.А.М.У., Р. Чешка. Има изложувано: скулптури, цртежи, инсталации, слики и видео во Македонија и надвор. Во 2010 година ги поставува скулптурите „Луѓе-птици" во Градскиот парк. Работи на филм и анимација. Дел од неговите филмови се претставени (некои и наградени) на различни регионални и интернационални филмски фестивали. Добитник е на наградата „Денес" за млад ликовен уметник во 2014 година.

**Никола Радуловиќ**, е роден на 30.09.1987 во Куманово, Македонија. Дипломирал во 2010 година на Факултетот за ликовни уметности, оддел сликарство при „Универзитетот Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Добитник е на наградата „Борко Лазески" за иновации во сликарскиот медиум, на Факултетот за ликовни уметности. Во моментот е на постдипломски студии на „Националната академија на уметност" во Софија, во одделот „Книга и печатна графика/илустрација". Активно дејствува како слободен уметник во полето на сликарството, илустрацијата и анимацијата.

**Атанас Ботев** е роден во Скопје. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје (графика и графички дизајн) во 1997 година. Магистрирал на истиот факултет во 1999 година. Добитник е на наградите: „26 Јули" од фондацијата на Франк Харкорд Манинг, Годишна награда за млад ликовен уметник

**Vladimir Lukash** is baptised in the distant socialist federal year of '78 in Skopje, former SR of Macedonia. He is sometimes a pantheist, sometimes an atheist – which explains his dualistic dissatisfaction with all sorts of things. Works and lives in Skopje, present R. Macedonia.

**Andrej Anastasov – Daskalovski**, born 1973, graduated from the Faculty of Fine Arts in Skopje under the mentorship of Professor Dimitar Malidanov. Member of various bands from the Macedonian underground scene such as: Bloody George, Alojz Rop, Suns, T.B. Tracheri, K.U.R., Undone, Mooger Fooger ….

**Ivan Ivanovski** (1983) is a sculpture graduate at the Faculty of Fine Arts in Skopje (2008). In 2013 he finished the Academy Preparation Programme (APP) at the Film and TV School (FAMU), Czech Republic. He takes part in exhibitions since 2006 in Macedonia and abroad (10 solo and around 20 group exhibitions of sculptures, drawings, paintings, video and multimedia). In 2010 he installs the sculptures "Bird people" in the City Park in Skopje. He works with film and animation, and part of his short animated films have been shown and awarded at national and international film festivals. In 2014 he received the "Denes" award for best young visual artist.

**Nikola Radulovich** is born on 30.09.1987 in Kumanovo, Macedonia. He received his B.A in painting in 2010 from the Faculty of Fine Arts in Skopje. He won the "Borko Lazeski" award for invention in painting at the same Faculty. At the moment he is following the Master's Programme at the National Academy of Arts in Sofia at the Book and Printed Graphics department. He has had numerous group and two solo exhibitions. He is an artist working in the field of painting, illustration and animation.

**Atanas Botev** graduated in graphic art from the Faculty of Fine Arts in Skopje in 1997.
He earned an M.A. degree from the same faculty in 1999.
Besides graphic arts, he is actively engaged in painting, drawing, comics, installations, performances, etc.
He has been awarded with the "26 of July" award by the Franck Harcord Manning

„Денес", Награда од спонзорите на „4. Меѓународен салон на стрип", Белград. Работи во повеќе медиуми: сликарство, графика, цртеж, инсталација, перформанс.
Самостојни изложби: Скопје, Њујорк, Нирнберг, Цетиње, Берлин...
Работи како раководител на Отвореното графичко студио при Музејот на град Скопје.

**Горан Дачев**, е роден во Скопје 1970 година, автодидакт посветен на творење графичка нарација (стрип) и црно-бел цртеж на хартија и платно, (неизоставниот шаблон: „... откако знам за себе, цртам!", постои и кај авторот), сепак, полноправно авторски е активен од 1991 година, кога и го објавува првиот стрип во „Макстрип", а од 1995 година е сосема посветен на алтернативното андерграунд стрип-творештво и активно објавува во разни специјализирани магазини за независен стрип, магазини во Македонија („Лифт"), низ поранешна Југославија, како во „Стрипбургер" (Словенија), „Комиказе" (Хрватска), „Стрипер" (Србија) и во неколку независни магазини во Швајцарија, Германија, Канада, Италија, Литванија, а во 2008 година, помогнат од „Прес ту Ексит", го објавува и самостојниот проект, стрип-книгата „Меланж"...

**Ѓорѓе Јовановиќ**, е роден во Скопје, 1980 година, дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје 2003 година. Има реализирано повеќе проекти во чиј фокус се прашањата за интеграцијата и дезинтеграцијата на современиот човек. Реализирал повеќе самостојни и групни изложби во Македонија и во странство.
За својата уметничка пракса е награduван повеќе пати: Награда за млад визуелен уметник „Денес", во 2009 година, Наградата за видео на Меѓународниот фестивал за алтернативен филм и видео, Белград, 200 година, Акто фестивал, Битола, 2012 година и Наградата за најдобар млад уметник на 10-тото Биенале на млади уметници, на Музејот на современа уметност за 2013 година.

foundation, the best young visual artist award "Denes" (2006), and the award from the sponsors of the 4th International Comics Saloon in Belgrade.
He has had solo exhibitions in Skopje, New York, Nuremberg, Cetinje, Berlin, etc.
He is currently working as a manager of the Open Graphic Art Studio at the Museum of the City of Skopje.

**Goran Dachev**, born in Skopje year 1970, autodidact dedicated to creating graphic novels and black and white drawings on paper and canvas. The "usual cliché" – I have been drawing ever since I know myself - applies to the author. However, he has been seriously active and involved in the world of art since 1991, when he published his first comic in Makstrip. Since 1995 he has been seriously devoted to alternative, underground comic work and actively publishes in many underground comic magazines such as "Lift" (MKD), across former Yugoslavia in "Stripburger" (SLO),"Komikaze" (CRO),"Striper" (SRB), and in independent magazines in Switzerland, Italy, Germany, Canada, Lithuania. In 2008 he published his independent project, the comic book Melange.

**Gjorgje Jovanovikj** (Skopje, 1980) graduated from the Faculty of Fine Arts in Skopje (2003). He has realized multiple projects that focus on the issues of integration and disintegration of the contemporary man. He has had several solo and group exhibitions in Macedonia and abroad.
For his artistic practice, he has been awarded with the best young visual artist award "Denes" (2009), received awards on the international festival for Alternative Film/Video in Belgrade (2009) and Akto Festival in Bitola (2012) and won the best young artist award on the 10th Biennial of Young Artist organised by the Museum of Contemporary Art in Skopje (2013).

# BIBLICAL VERSES:

**1.** Honor your father and your mother, so that you may live long… *(2 Moses 20:12)*
**2.** You shall not murder, and everyone who is angry with his brother will be subject to judgment. *(2 Moses 20:13; Matthew 5:22)*
**3.** Thou shalt not commit adultery! Fornicators and adulterers God will Judge! *(2 Moses 2:14; Epistle to the Hebrews 13:4)*
**4.** Do not steal! *(2 Moses 20:15)*
You shall not steal; you shall not deal falsely; and you shall not lie to one another. *(2 Moses 19:11)*
**5.** Do not give false testimony… *(2 Moses 20:16)*
Do not accuse anyone for no reason. *(Proverbs 3:30)*
**6.** You are not to mistreat any widow or orphan. *(2 Moses 22:22)*
**7.** If you lend money to one of my people among you who is needy, do not treat it like a business deal; charge no interest. *(2 Moses 22:25)*
**8.** Do not follow the crowd in doing wrong. When you give testimony in a lawsuit, do not pervert justice by siding with the crowd. *(2 Moses 23:2)*
**9.** Do not deny justice to your poor people in their lawsuits. *(2 Moses 23:6)*
**10.** Do not accept a bribe, for a bribe blinds those who see and twists the words of the innocent. *(2 Moses 23:8)*
**11.** Do not defraud or rob your neighbour. *(3 Moses 19:13)*
**12.** Do not hold back the wages of a hired worker overnight. *(3 Moses 19:13)*
**13.** Do not take a mother bird with its chicks from a bird's nest…
Do not muzzle an ox while it is treading out the grain. *(5 Moses 22:5; 25:4)*
**14.** Don not ravage nature. *(5 Moses 20:19)*
**15.** Do not curse the deaf or put a stumbling block in front of the blind. *(3 Moses 19:14)*
**16.** Rejoice with those who rejoice; mourn with those who mourn. *(Romans 12:15)*
**17.** If a man has sexual relations with a man as one does with a woman, both of them have done what is detestable. *(3 Moses 20:13)*
**18.** You shall not harden your heart or shut your hand against your poor brother; rather, be open-handed and freely lend them whatever they need. *(5 Moses 15:7-8)*
**19.** Defend the weak and the fatherless; uphold the cause of the poor and the oppressed. *(Psalm 82 (81): 3)*
**20.** Do not withhold good from those to whom it is due, when it is in your power to act. *(Proverbs 3:27)*
**21.** Do not plot harm against your neighbour. *(Proverbs 3:29)*
**22.** Enter not into the path of the wicked, and go not in the way of evil men. *(Proverbs 4:14)*
**23.** Put away from thee a froward mouth, and perverse lips put far from thee. *(Proverbs 4:24)*
**24.** Why, my son, be intoxicated with another man's wife? Why embrace the bosom of a wayward woman? *(Proverbs 5:20)*
**25.** Those who are kind benefit themselves, but the cruel bring ruin on themselves. *(Proverbs 11:17)*
**26.** One person gives freely, yet gains even more; another withholds unduly, but comes to poverty. *(Proverbs11:24)*
**27.** A generous person will prosper; whoever refreshes others will be refreshed. *(Proverbs11:25)*
**28.** Whoever loves discipline loves knowledge, but whoever hates correction is stupid. *(Proverbs 12:1)*
**29.** The righteous care for the needs of their animals, but the kindest acts of the wicked are cruel. *(Proverbs 12:10)*
**30.** Truthful lips endure forever, but a lying tongue lasts only a moment. *(Proverbs 12:19)*
**31.** Those who guard their lips preserve their lives, but those who speak rashly will come to ruin. *(Proverbs 13:3)*
**32.** Let us behave decently, as in the daytime, not in carousing and drunkenness, not in sexual immorality and debauchery, not in dissension and jealousy. *(Romans13:13)*
**33.** Do not pervert justice; do not show partiality to the poor or favouritism to the great, but judge your neighbour fairly. *(3 Moses 19:15)*
**34.** Don't be jealous of your neighbour! *(3 Moses 19:17)*
**35.** Do not turn to mediums or seek out spiritists, for you will be defiled by them. *(3 Moses 19:31)*
**36.** Stand up in the presence of the aged, show respect for the elderly. *(3 Moses 19:32)*
**37.** Do not use dishonest standards when measuring length, weight or quantity. *(3 Moses 19:35)*
**38.** Dishonest money dwindles away, but whoever gathers money little by little makes it grow. *(Proverbs 13:11)*
**39.** The faithless will be fully repaid for their ways, and the good rewarded for theirs. *(Proverbs 14:14)*
**40.** Whoever oppresses a poor man insults his Maker, but he who is generous to the needy honors him. *(Proverbs 14:31)*
**41.** The greedy bring ruin to their households, but the one who hates bribes will live. *(Proverbs 15:25)*
**42.** Better a little with righteousness than much gain with injustice *(Proverbs 16:80)*
**43.** Be devoted to one another in love. Honor one another above yourselves. *(Romans 12:10)*
**44.** Do not take revenge, my dear friends, but leave room for God's wrath. *(Romans 12:19)*
**45.** Let your conversation be always full of grace, seasoned with salt, so that you may know how to answer everyone. *(Colossians 4:6)*
**46.** In your anger do not sin. Do not let the sun go down while you are still angry. *(Ephesians 4:26)*
**47.** Like a city whose walls are broken through is a person who lacks self-control. *(Proverbs 25:28)*
**48.** Bless and do not curse. *(Romans 12:14)*
**49.** A perverse person stirs up conflict and a gossip separates close friends. *(Proverbs 16:28)*
**50.** Evil will never leave the house of one who pays back evil for good. *(Proverbs 17:13)*
**51.** He that justifies the wicked, and he that condemns the just, both are abominable before God. *(Proverbs 17:15)*
**52.** The tongue has the power of life and death, and those who love it will eat its fruit. *(Proverbs 18:21)*
**53.** Wine is a mocker, strong drink a brawler, and whoever is led astray by it is not wise. *(Proverbs 20:1)*
**54.** It is to one's honor to avoid strife, but every fool is quick to quarrel. *(Proverbs 20:3)*
**55.** A gossip betrays a confidence; so avoid anyone who talks too much. *(Proverbs 20:19)*
**56.** If someone curses their father or mother, their lamp will be snuffed out in pitch darkness. *(Proverbs 20:20)*
**57.** A fortune made by a lying tongue is a fleeting vapor and a deadly snare. *(Proverbs 21:6)*
**58.** Whoever shuts their ears to the cry of the poor, will also cry out and not be answered. *(Proverbs 21:13)*
**59.** A good name is more desirable than great riches; to be esteemed is better than silver or gold. *(Proverbs 22:1)*
**60.** Do not exploit the poor because they are poor and do not crush the needy in court. *(Proverbs 22:22)*
**61.** Do not let your heart envy sinners. Do not envy the wicked, do not desire their company. *(Proverbs 23:17; 24:1)*
**62.** Do not gloat when your enemy falls; when they stumble, do not let your heart rejoice, for God will see and disapprove and turn his wrath away from them. *(Proverbs 24:18)*
**63.** Like clouds and wind without rain is one who boasts of gifts never given. *(Proverb 25:14)*
**64.** Like a club or a sword or a sharp arrow is one who gives false testimony against a neighbor. *(Proverbs 25:18)*
**65.** Whoever digs a pit will fall into it; if someone rolls a stone, it will roll back on them. *(Proverbs 26:27)*
**66.** Like a bird that flees its nest is anyone who flees from home. *(Proverbs 27:8)*
**67.** Those who flatter their neighbors are spreading nets for their feet. *(Proverbs 29:5)*
**68.** Do not slander a servant to their master! *(Proverbs 30:10)*
**69.** Defend the rights of the poor and needy. *(Proverbs 31:9)*
**70.** Learn to do right; seek justice.
Defend the oppressed.
Take up the cause of the fatherless; plead the case of the widow. *(Isaiah 1:17)*
**71.** Do not judge, or you too will be judged. *(Matthew 7:1)*
**72.** Be merciful. Do not judge, and you will not be judged. Do not condemn, and you will not be condemned. Forgive, and you will be forgiven. *(Luke 6:36-37)*

**73.** So in everything, do to others what you would have them do to you.
*(Matthew 7:12)*
**74.** Each of you must put off falsehood and speak truthfully. *(Ephesians 4:25)*
**75.** Do not let any unwholesome talk come out of your mouths, but only what is helpful for building others up according to their needs, that it may benefit those who listen.
*(Ephesians 4:29)*
**76.** Get rid of all bitterness, rage and anger, brawling and slander, along with every form of malice. *(Ephesians 4:31)*
**77.** Be kind and compassionate to one another, forgiving each other. *(Ephesians 4:32)*
**78.** Among you there must not be even a hint of sexual immorality, or of any kind of impurity, or of greed. Nor should there be obscenity, foolish talk or coarse joking, which are out of place. *(Ephesians 5:3-4)*
**79.** Do not get drunk on wine, which leads to debauchery. *(Ephesians 5:18)*
**80.** Let each of you look not only to his own interests, but also to the interests of others.
*(Philippians 2:4)*
**81.** Clothe yourselves with compassion, kindness, humility, gentleness and patience. *(Colossians 3:12)*
**82.** And we urge you, brothers and sisters, warn those who are idle and disruptive, encourage the disheartened, help the weak, be patient with everyone.
*(Thessalonians 5:14)*
**83.** Do not rebuke an older man harshly, but exhort him as if he were your father.
*(1 Timothy 5:1)*
**84.** Do not forget to show hospitality to strangers... Continue to remember those in prison... and those who are mistreated.
*(Hebrew 13:2-3)*
**85**. Marriage should be honored by all, and the marriage bed kept pure, for God will judge the adulterer and all the sexually immoral. *(Hebrews 13:4)*
**86.** Everyone should be quick to listen, slow to speak and slow to become angry. Anger does not produce righteousness.
*(Jacob 1:19-20)*
87. Do not swear... All you need to say is a simple "Yes" or "No."
*(Jacob 5:12)*
**88.** Rid yourselves of all malice and all deceit, hypocrisy, envy, and slander of every kind.
*(Peter 2:1)*
**89.** Each of you should learn to control your own body in a way that is holy and honorable. *(Thessalonians 4:4)*
**90.** Do what is just and right. Rescue from the hand of the oppressor the one who has been robbed. Do no wrong or violence to the foreigner, the fatherless or the widow.
*(Jeremiah 22:3)*
**91.** Be sure to correct your neighbor so that you will not be guilty of sinning along with him. *(Leviticus 19:7)*
**92.** Do not be proud, but be willing to associate with people of low position. Do not be conceited. *(Romans 12:16)*
**93.** Do nothing out of selfish ambition or vain conceit. Rather, in humility value others above yourselves. *(Philippians 2:3)*
**94.** Let everyone be subject to the governing authorities, for there is no authority except that which God has established. The authorities that exist have been established by God. *(Romans 13:1)*
**95.** Give to everyone what you owe them: If you owe taxes, pay taxes; if revenue, then revenue; if respect, then respect; if honor, then honor. *(Romans 13:7)*
**96.** Bad company corrupts good character!
*(Corinthians 15:33)*
**97.** Let us not become weary in doing good, for at the proper time we will reap a harvest if we do not give up.
*(Galatians 6:9)*
**98.** And do not forget to do good and to share with others, for with such sacrifices God is pleased.
*(Hebrew 13:16)*
**99.** So when you give to the needy, do not announce it with trumpets, as the hypocrites do... So that your giving may be in secret.
*(Matthew 6:2, 4)*
**100.** Do not offer any part of yourself to sin as an instrument of wickedness.
*(Romans 6:13)*

Илустрирана библиска етика

**Уредник:**
Иван Ивановски

**Автори:**
Никола Радуловиќ
Иван Ивановски
Горан Дачев
Владимир Лукаш
Атанас Ботев,
Ѓорѓе Јовановиќ
Андреј Анастасов – Даскаловски
Миле Ничевски

**Припрема за печат:**
Јасмина Главинче
Весна Аранѓеловиќ

**Превод на англиски:**
Вера Кандикјан
Маја Трајаноска
Благоја Бошковски Буцко

**Лектор на македонски:**
Весна Костовска

**Лектор на англиски:**
Вера Кандикјан

**Соработник:**
Дафина Цепаровска

**Издава:**
ЈУ Младински културен центар

**За издавачот:**
Златко Стевковски, в.д. директор

**Тираж:**
Печати:

Формат: 176 x 250, 132 страни

www.mkc.mk
Галерија МКЦ, Скопје 2015

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

74:084(497.7)
74:22(497.7)

ИЛУСТРИРАНА библиска етика = Ilustrated bible ethics / [автори Никола Радуловиќ ... [и др.] ; превод на англиски Вера Кандикјан, Маја Трајаноска]. - Скопје : Младински културен центар, 2015. - 67 стр. : илустр. ; 25 см

Текст напоредно на мак. и англ. јазик. - Биографија на авторите ; Biography of the authors: стр. [63-65]

ISBN 978-9989-644-82-5
1. Насп. ств. насл. 2. Радуловиќ, Никола [автор]
а) Илустрации - Библија - Современа уметност - Македонија
COBISS.MK-ID 98333194